


Доколку сакаш да работиш на имплементација и следење на стратегијата и програмата за развој на вработени, аплицирај за отворената работна позиција во Центарот за управување со човечки ресурси.

# Сениор специјалист за развој на вработени

**Твоите активности:**

- Водење на стратегијата за развој на вработените преку планирање, креирање, спроведување и управување со програмите за развој на вработените и лидерите во Банката;
- Соработка со менаџментот од различни нивоа со цел креирање и спроведување на стратегии за развој на вработените кои се усогласени со целите и вредностите на Банката;
- Управување и оптимизирање на стратегиите за развој на таленти и наследници, преку идентификување на вработени со висок потенцијал и перформанси, дефинирање на индивидуални развојни планови и развој на наследници за менаџерски, стручни и клучни работни места во Банката;
- Преглед на развојот и имплементацијата на сеопфатни програми за обука, работилници и едукативни активности кои ги подобруваат знаењата и вештините на вработените;
- Соработка со надворешни партнери за креирање и спроведување на традиционални и дигитални развојни програми кои имаат за цел одржување на вработените во тек со најновите трендови и современи практики во индустријата;
- Следење на актуелните трендови во индустријата и имплементирање на најдобрите практики за грижа и развој на вработените, спроведувајќи нови идеи, методи и стратегии;
- Советување на менаџерите и останатите вработени за прашања поврзани со личниот и професионалниот развој, поддршка во планирање и реализирање на кариерните патеки и подобрување на знаењата и вештините на вработените;
- Активности за воведување на современи електронски алатки и унапредување на постојните софтверски решенија за поддршка на управувањето со човечките ресурси;
- Учество во активностите на Банката за креирање на посакуван бренд на работодавач, подобрување на ангажираноста на вработените и градење на корпоративната култура.

**Твојот профил:**

- Универзитетско образование;
- Најмалку 3 години работно искуство во сегментот на управување со човечки ресурси со фокус на развојот на вработените и управување со таленти;
- Одлично познавање на англиски јазик (усна и писмена комуникација);
- Високо развиени организациски и комуникациски вештини, со способност за ефективна интеракција со поединци и групи на сите нивоа во компанијата;
- Аналитички начин на размислување со способност за собирање и интерпретација на податоци за донесување на одлуки;
- Напредно користење на MS Office и електронски алатки за човечки ресурси;
- Релевантни сертификати од областа на човечки ресурси;
- Способност за креативно и иновативно размислување;
- Високо развиен тимски дух и самоиницијативност.

**Твој мотив да ни се придружиш:**

- Препознатлив регионален и домашен бренд и современо работно опкружување;
- Меѓусебната доверба и грижа за другиот се основни начела во работењето;
- Континуирани програми за обука и индивидуален кариерен развој;
- Позитивна организациска култура базирана на флексибилно работно време и слободни денови за различни пригоди;
- Континуирано учество во групациски корпоративни проекти;
- Конкурентен пакет на плата и надоместоци (вклучително приватно здравствено осигурување и трет пензиски фонд).

Ако е ова позицијата на која се гледаш себеси, испрати ни мотивациско писмо и кратка биографија (CV) најдоцна до 10.09.2023, на nlbkariera@nlb.mk со назнака за Сениор специјалист за развој на вработени.

Те очекуваме!

NLB Banka